РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-153/1
12-01-2026 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (понатаму: ДКСК), на 26-та седница одржана на 30.12.2025 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Постапката по предметот бр. 12-1416/1 од 28.04.2025 година, оформен по доставена пријава против Општина ---- - Одделение за просторно планирање, урбанистичко планирање, управување со градежно земјиште и недвижен имот, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Предметот со бр. 12-1416/1 од 28.04.2025 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на непознат подносител, на ден 28.04.2025 и 30.04.2025 година, поднесена е пријава/дополнување на пријава против Одделението за просторно планирање,

урбанистичко планирање, управување со градежно земјиште и недвижен имот при Општина ---- и оформен е предмет бр. 12-1416/1 од 28.04.2025 година.

Наводите во пријавата се однесуваат на фактот дека Општина ---- не постапила по Барање за постапување по повод непочитување на Законот за урбанистичко планирање од ден 04.08.2023 година, доставено до Одделението за просторно планирање, урбанистичко планирање, управување со градежно земјиште и недвижен имот на општина ---- заведено под бр. ИП ----. Барањето се однесува за куќните броеви 55а и 57 на ул. ---- во ----.

Подносителот на пријавата додава дека до денот на поднесувањето на неговата пријава до ДКСК, сеуште не било постапено по неговото барање, додека надлежноста меѓу себе си ја префрлале општинскиот инспектор за патишта и горенаведеното одделение.

Заради проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барање за прибирање информации до Општина ----, Сектор за урбанизам и управување со градежно земјиште, Одделение за просторно планирање, урбанистичко планирање, управување со градежно земјиште и недвижен имот во општината (понатаму: Општина).

Во законски утврдениот рок, добиени се бараните информации и од увидот во прибавената документација утврдена е следната фактичка состојба:

Општината со допис – Достава на податоци и информации бр. ---- од 31.07.2025 година, во однос на поднесената пријава / Барање од подносителот, образложи дека спорните објекти наведени во пријавата се наоѓале во граници на плански опфат на Измена и дополнување на урбанистички план за 5-та урбана единица, донесен на Совет на Општина ---- со Одлука бр. ---- од 06.05.1993 година. Деталниот план бил изработен и донесен согласно Законот за системот на урбанистичко планирање (Сл.весник на СРМ бр. 30/85), и при нивната изработката била испочитувана Законската регулатива која била во важност во време кога истите биле изработувани и донесени. Со ДУП-от за 5-та УЕ пристапот до парцелите кои се во внатрешноста на планскиот опфат бил планиран преку секундарна сообраќајна улична мрежа (станбени улици) и бил пропишан начинот на пристап и паркирање. Спроведувањето на веќе донесени урбанистички планови се одвивало преку добивање на одобрение за градба согласно Законот за градење, а Одделението задолжено за издавање на одобрение за градење постапувало согласно законската регулатива која била во важност кога тоа одобрение или решение било издадено.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Дополнително, не известуваат дека до барателот ---- бил изготвен Одговор на барање со бр. ---- од 10.12.2024 година, а Секторот за урбанизам и управување со градежно земјиште немал информација зошто истиот не бил доставен до подносителот на иницијативата (како што наведува во иницијативата). Истото повторно било доставено до барателот.
Во прилог на горенаведениот допис е доставена и копија од Записник за извршен инспекциски надзор од страна на Државниот управен инспекторат, изработен по извршен инспекциски надзор по повод пријава идентична со доставената до ДКСК. Видно од записникот бил извршен надзор во општината, при што не биле утврдени повреди во работењето на општината.

Видно од предметната документација доставена на увид од страна на општината и релевантните законски одредби, ДКСК увиде дека подносителот цитира и се повикува на членови од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17, 86/18), кој не постоел во времето кога се изработувал и донесувал планот за 5-та урбана единица и кога биле издадени одобренијата за градење на цитираните станбени објекти и деловниот објект со Одлука бр. ---- од 06.05.1993 година.

Наводот на подносителот на пријавата за непочитување на Законот за урбанистичко планирање со несоодветното користење на улицата и тротоарот пред објектите со куќни броеви 55 А и 57, од страна на сопствениците на објектите, и санкциите за такво користење не се во надлежност на Секторот за урбанизам и управување со градежно земјиште, од причина што санкционирање на лица за ненаменско користење на сообраќајните површини со паркирање на возила на улици е надлежност на МВР, како надлежен орган за постапување според Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата кадешто од член 63 до член 73 се пропишани одредби за запирање и паркирање на возила.

Дополнително, во однос на наводите кои се однесуваат на несоодветното постапување на локалните служби во Општина ----, ДКСК веќе има постапувано по предмет оформен по доставена пријава од истиот подносител во врска со истото Барање за постапување, со број ИП ---- кое било доставено до Општина ---- на ден 04.08.2023 година, по што на продолжението на ----тата седница одржана на ден 17.11.2023 година била донесена Одлука за отфрлање на пријавата.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Од горенаведеното, ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување, по што одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Адем Чучуљ

Изготвил: м-р В.З. Виш соработник
Контролирал: м-р К.З. Раководител на одделение
Согласен: м-р И.П. Раководител на сектор
Одобрил: м-р С.Д. Член на ДКСК